# MCMXXVII

**25 октомври 1989**





Симонида Филипова Китановска, родена 27 март 1965 во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршила во Скопје 1988 година во класата на Родољуб Анастасов.

АДРЕСА: Иво Рибар Лола 43 Скопје тел. 228 - 365

## СЈАЈОТ НА БОЈАТА ВО СЛИКИТЕ НА СИМОНИДА ФИЛИПОВА КИТАНОВСКА

Во Скопје се отворија повеќе приватни галерии, а некои покажуваат интерес својот работен простор да го збогатат со разни активности. Така, во еден нов пријатен објект се приредува изложба на младата уметничка од Скопје Симонида Филипова Китановска. По тој повод сакам да набележам некои карактеристики на нејзиното сликарство. Симонида, пред се, поседува интуитивен усет за боја, за енергичен потег и за арабеска. Непосредноста во пристапот се огледа во течното нанесување на јарките бои, во извиените форми и слободно градената композиција. Таа работи во ''еден здив'', без исправување на веќе изработеното, верувајќи затоа во автентичната вредност на моментот. Тоа на нејзините слики им обезбедува привлечност на непредвидливите ефекти, и тоа во бојата и распоредот на елементите, во вознемиреноста на гестот. Симонида црта со боја и кога портретира, директно доловувајќи ја физиономијата и внатрешниот лик на моделот. Нејзе и е најважно да постигне бујност на колоритот, некој неодреден сјај на пиктуралната материја. Поаѓајќи од визуелната даденост уметничката интуитивно го преобразува мотивот, давајќи му една експресивна фовистичка разиграност. Кога работи мртва природа, пејзаж или некој фигуративен мотив нејзината сликарска интерпретација се заснова на спонтано постигнатите вредности на бојата, нејзините созвучја. Покрај маслената техника нашата сликарка користи и комбинирана техника, често пати во темпера или гваш таа вооблочува апстрактно-асоцијативни целини. Тие се по форма различни од другите нејзини слики но ги поврзува препознатливиот афинитет за сензибилност на бојата, за нејзиното слободно распоредување. Симонида покажува посебен афинитет за акварелната сликарска техника која и овозможува густата маслена боја да ја замени со лазурни тонови нанесени ''а ла прима''. Таа умее да долови флуидност на материјата и да го сведе мотивот на разлеани, суптилни колористички сензации. И во овие дела Симонида Филипова го потврдува својот спонтан сликарски талент, кој еве одново ни овозможува да ги почувствуваме сјајот и богатството на бојата.

Владимир Величковски

| | |
|---|---|
| ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ: | 1986 - Музеј на Македонија - Скопје |
| | 1986 - Сараево |
| | 1986 - ,,Дом на Млади 25 мај'' Скопје |
| | 1988 - Факултет за драмски уметности ,,Скормахи'' Скопје |
| | 1989 - Загреб |
| | 1989 - VI Биенале на Акварели на Југославија /Бај/ Карловац |
| | 1989 - Уметничка галирија - Скопје |
| | Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ |
| | 1989 - Галерија на Дом на ЈНА - Скопје |
| САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ: | 1989 - Карловац |
| НАГРАДИ: | VI Биенале на Акварели во Карловац 1989 |